# HISTORICAL DEVELOPMENT OF ECONOMIC DIPLOMACY

**Dragan Gjurcevski**
International Slavic University „G. R. Derzhavin" - Sveti Nikole, Macedonia
dragan.gjurcevski@msu.edu.mk
**Gorancho Jakimov**
International Slavic University „G. R. Derzhavin" - Sveti Nikole, Macedonia
jakimov.goranco@yahoo.com

**Abstract:** The rapid development of the world economy and global competition is forcing countries to find new forms of activity in the battle for increased participation in the increasingly complex competitive scene. One of those new forms of activity and economic struggle on the global stage is economic diplomacy. Until recently, in many countries around the world with some exceptions, very little importance was attached to economic diplomacy. It can be said that even today, in many countries, economic diplomacy has no significant place in education systems, nor are macroeconomic activities adequately adapted to the needs that the concept of the new economic diplomacy brings and imposes. The first steps in this area date back to the time when French served as the official diplomatic language, and were taken by France, which is the cradle of modern diplomacy as an exclusive activity. In 1648, in the famous "Instructions for French Ambassadors", authored by Jassirend J., France attempted to compile precise individual instructions for each country in which France had its representatives. In this way, the specifics of the host countries were identified, as a determining factor in the behavior and actions of the ambassadors. The second half of the twentieth century is a period of turbulent development of economic diplomacy, as well as changes in economic-diplomatic activity, in terms of the way and design of economic-diplomatic mechanisms. The beginning of the twentieth century, which was largely marked by conflicts and devastation on an enormous scale, contributed to the evolution of trade diplomacy into economic diplomacy, which in turn experienced a global collapse in the period between the two world wars. Thanks to these negative experiences and phenomena, economic diplomacy with its characteristic turbulent development during the second half of the last twentieth century, proved its significant role and place in the modern world. The economization of diplomacy took place in parallel with the needs of companies and the state for more intensive participation in world economic development. With the changes of the world economy, the forms of action within the classical economic diplomacy also changed, but still its general goals remained the same. On the contrary, the changes in the research and the mechanisms for realization of these goals are characteristic. If one carefully analyzes the relationship between diplomacy and economics as time goes on, it can be concluded that at the beginning of the twentieth century both diplomacy and economics came to the same position, although both underwent significant changes. Economic diplomacy took shape and began to experience intensified changes, and the areas of its application became numerous.
**Keywords:** global economy, international relations, historical development, economic diplomacy.

# ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКАТА ДИПЛОМАТИЈА

**Драган Ѓурчевски**
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" - Свети Николе, Македонија
dragan.gjurcevski@msu.edu.mk
**Горанчо Јакимов**
Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р.Државин" - Свети Николе, Македонија
jakimov.goranco@yahoo.com

**Резиме:** Забрзаниот развој на светската економија и глобалната конкуренција, ги принудува државите да пронајдат нови форми на активности во рамки на битката за зголемено учество на се посложената конкурентска сцена. Една од тие нови форми на активности и економска борба на глобалната сцена е економската дипломатија. До неодамна, во повеќе земји низ светот со одредени исклучоци, многу малку се придаваше значење на економската дипломатија. Може да се каже дека и ден денес, во многу земји економската дипломатија нема значајно место во образовните системи, ниту пак макроекономските активности се адекватно прилагодени на потребите кои со себе ги носи и ги наметнува концептот на новата економска дипломатија. Првите чекори во оваа област датираат уште од времето кога францускиот јазик служеше како официјален дипломатски јазик, а се направени од страна на Франција која е лулка на

модерната дипломатија како ексклузивна активност. Во 1648 година во познатите „Инструкции за француските амбасадори„ чиј автор е Џасиренд Џ., Франција се обиде да состави прецизни поединечни инструкции за секоја една земја во која Франција имаше свои претставници. На овој начин се идентификуваа специфичностите на земјите на прием, како детерминирачки фактор во однесувањето и постапките на амбасадорите. Втората половина на XX век претставува период на турбулентно развивање на економската дипломатија, како и промени во економско - дипломатското дејствување, во смисла на начинот и дизајнирањето на економско - дипломатските механизми. Почетокот на XX век кој во голема мера се одликуваше со конфликти и разурнувањата од енормни размери, придонесе за еволуција на до тогаш применуваната трговска дипломатија во економска дипломатија, која пак доживеа глобален колапс во периодот помеѓу двете светски војни. Благодарение токму на овие негативни искуства и појави, економската дипломатија со својот карактеристичен турбулентен развој во текот на втората половина на минатиот XX век, ја докажа својата значајна улога и местото во рамки на современиот свет. Економизацијата на дипломатијата се одвиваше напоредно со потребите на компаниите и државата за што поинтензивно учество во светскиот економски развој. Со промените на светската економија се менуваа и формите на делување во рамки на класичната економска дипломатија, но сепак нејзините општи цели останаа исти. Спротивно на тоа карактеристични се промените во однос на истражувањата и механизмите за реализација на овие цели. Доколку внимателно се анализира односот помеѓу дипломатијата и економијата, како што поминува времето, може да се констатира дека на почетокот на XX век и дипломатијата и економијата дојдоа на иста позиција, иако и двете претрпеа значајни промени. Економската дипломатија се оформи и почна да доживува засилени промени, а областите на нејзина примена стануваа многубројни.
**Клучни зборови:** глобална економија, меѓународни односи, историски развој, економска дипломатија.

## 1. ВОВЕД

Забрзаниот развој на светската економија и глобалната конкуренција, ги принудува државите да пронајдат нови форми на активности во рамки на битката за зголемено учество на се посложената конкурентска сцена. Една од тие нови форми на активности и економска борба на глобалната сцена е економската дипломатија.
Поимот економска дипломатија датира од поново време. Терминот економска дипломатија е од француско потекло (La diplomatie économique). Имајќи ги во предвид традиционалните врски помеѓу француската и руската школа за класична дипломатија, овој термин е дел и од руската терминологија (ekonomičeskaja diplomatia). За разлика од нив американската односно англосаксонската терминологија го користи изразот меѓународна бизнис или трговска дипломатија (international business or trade diplomacy).
Првите чекори во оваа област датираат уште од времето кога францускиот јазик служеше како официјален дипломатски јазик, а се направени од страна на Франција која е лулка на модерната дипломатија како ексклузивна активност. Во 1648 година во познатите „Инструкции за француските амбасадори„ , Франција се обиде да состави прецизни поединечни инструкции за секоја една земја во која Франција имаше свои претставници. На овој начин се идентификуваа специфичностите на земјите на прием, како детерминирачки фактор во однесувањето и постапките на амбасадорите. Меѓу овие инструкции посебно се издвојува делот посветен на Англија, како најразвиена земја во тоа време, во смисла на почитување на нејзините економски карактеристики. Автор на оваа инструкција е Џ.Џ. Џасиренд (J.J. Jusserand).
До неодамна, во повеќе земји низ светот со одредени исклучоци, многу малку се придаваше значење на економската дипломатија. Може да се каже дека и ден денес, во многу земји економската дипломатија нема значајно место во образовните системи, ниту пак макроекономските активности се адекватно прилагодени на потребите кои со себе ги носи и ги наметнува концептот на новата економска дипломатија.
Иако многумина го поддржуваат и стојат зад ставот дека економската дипломатија потиснала се останато, сепак во реалноста истата не доминира во рамки на меѓународните односи. Имено, не постои можност меѓународниот бизнис целосно да се изедначи со економската дипломатија, а од друга страна ниту пак политичката дипломатија до тој степен не исчезнала од меѓународните односи.

## 2. ЕКОНОМСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Економската дипломатија после Првата светска војна доживеа речиси целосен колапс. Карактеристично за овој период е исчезнувањето на австро - унгарската империја и османлиското царство. Наместо нив, се создадоа голем број помали етнички држави. Првата светска војна беше многу поразличен конфликт од сите до тогаш познати во човековата историја и истата донесе ужасни уништувања и последици. Кога првата светска војна заврши, мирот кој владееше во Европа и светот беше драстично различен. Во тој период луѓето со големи тешкотии се обидуваа да се прилагодат на новонастанатите промени кои ја нагласуваа важноста на економските фактори, што не беше случај во претходните историски периоди. Деталните

анализи укажуваат дека економските последици од првата светска војна останаа клучни фактори во рамки на меѓународните односи во периодот помеѓу двете светски војни. Имено, првата светска војна се заврши со застрашувачки економски обврски, меѓународни долгови и голем број отворени прашања.[7]

Треба да се нагласи дека улогата на економските фактори во рамки на меѓународните односи во овој период стануваа се позначајни, а развојните потреби на разурнатата Европа се поголеми. Силата на ваквите аспирации ја отсликува примерот од 1920 година. Тогаш во Германија, во рамките на Министерството за надворешни работи е формиран самостоен оддел за надворешна трговија, а во Амбасадите на Германија беа поставени аташеа за трговија, финансии, земјоделство и шумарство.

Споменатиот пример на Германија во чекор го следеше и Франција. Членот на францускиот парламент Нобимер го изнесе ставот дека активностите и задачите на апаратот за надворешни работи на Франција треба да се насочени кон заштита и претставување на француските компании во странство и информирање за пазарите на другите земји.[8]

Во 1924 година во САД е донесен „Роџеровиот закон„ кој донесе обединување на американските конзуларни и дипломатски служби. Двете служби беа под надлежност на Белата куќа и извршуваа мошне значајни активности во насока на заштита на националните економски интереси во странство. Истражувачите во оваа област велат дека „Роџеровиот закон„ е крајно ефективна правна структура која овозможи дипломатска поддршка во надворешно - економската експанзија на компаниите во САД. Аналитичарите посебно значење придаваат на подреденоста на оваа служба на Белата куќа.[9]

Транзицијата во новата фаза на економско - дипломатските активности започна со зголемувањето на улогата на државата во рамки на националните економии, посебно во периодот на големата економска криза. Се поактивната улога на државите во создавањето на националниот економски развој е резултат на длабоката економска криза (1929-1933 година). Светската економска криза која започна во триесетите години на минатиот XX век ги поттикна владите на многу земји да воведат серија протекционистички мерки (зголемување на постоечките и воспоставување на нови царини, укинување на можноста националните валути да се менуваат за злато, одобрување на извозни субвенции и кредити на своите монополи, државна поддршка на домашните компании за увоз од помалку развиените земји, најчесто од колониите).

За разлика од денес, клучните актери во рамки на меѓународните односи во тоа време имале дијаметрално спротивен однос кон економските фактори. Високата политика во тоа време не го разбирала или прифаќала значењето на економските фактори во процесите на стабилизацијата и развој на поствоено разурнатата Европа. Исто така, проблемите со задолженоста (во кругот на сојузниците во Првата светска војна) повторно претежно беа гледани од политичка гледна точка. Сето ова доведе до економски конфликти меѓу развиените земји, кои завршија со Втората светска војна и новата прераспределба на влијанијата и интересните (политички, воени и економски) сфери во светот.[10]

Во ноември месец 1919 година, Џон М. Кејнс ја објавува книгата „Економските последици на мирот„ во која тој предлага целосно нов пристап во рамки на меѓународните економски односи. Тој во своето дело на прво место во меѓународните односи ја постави економијата. Треба да се напомене дека ова место до тогаш и припаѓаше исклучиво на политиката. Тој изрази став дека „економското консолидирање на Германија„ е од круцијално значење за зајакнување на европската економија. Покрај тоа, износот на репарациите кои оваа држава беше должна да ги исплати во име на воените штети, тој ги означи како преголеми, нагласувајќи дека оваа земја нема да биде во можност да ги исполни овие обврски. Авторот Кејнс потенцира дека последиците од овие случувања ќе придонесат за неорганизираност на економскиот механизам кој би можел да донесе развој на Европа, што во долгорочна смисла може да доведе до катастрофа. Овој начин на размислување на Џон М. Кејнс и неговиот пристап кон меѓународната соработка и европските случувања, во тоа време беше сосема неочекуван. Овој чекор, кој Кејнс го направи во својата книга „Економските последици на мирот„ и претставениот нов концепт во рамки на меѓународните односи, го означува преминот од трговска кон економска дипломатија во вистинска смисла на зборот.[11]

Без оглед на фактот што книгата „Економските последици на мирот„ од Џон М. Кејнс забележа голем успех на двете страни од Атлантикот, главните приматели на репарациите (Велика Британија и Франција) не ги земаа в предвид мислењата на Кејнс и останаа на своите позиции дека Германија треба да ги исполни своите

---

[7] Ги Каррон де ла Каррьер (2003), Экономическая дипломатия, дипломатия и рынок, MGIMO, Moskva, 59

[8] Gromiko A.A. (1982), Внешная експанзия капитала, МО, Москва; šire: (1981), Современая дипломатия буржоазных государств, МО, Moskva; и Lanren P., (1976), Diplomats and Dureznсrats, Stanford, Calif, 162

[9] Lanren P. (1976). Diplomats and Dureznсrats, Stanford, Calif, 159

[10] Raičevič M. Miroslav. (2006). „Ekonomska diplomatija„ Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd, 26 - 27

[11] Ги Каррон де ла Каррьер. (2003). Экономическая дипломатия, дипломатия и рынок, MGIMO, Moskva, 61

обврски. Големо продлабочување на кризата во таа смисла следуваше во 1923 година кога Германија објави дека не е во состојба тоа да го стори, после што Франција и Белгија без двоумење го земаа во залог подмирувањето на Германија во однос на обврските поврзани со регионот Рур, заедно со неговите рудни богатства и индустриските потенцијали. Нема потреба од посебно елаборирање на последиците од оваа постапка, имајќи го во предвид зајакнувањето на германскиот реваншизам и појавата на национал - социјализмот кој следеше во оваа европска земја.

Доколку се анализира периодот помеѓу двете светски војни се забележува одредена усогласеност на ставовите во рамки на различните школи за економска дипломатија. Имено, економската дипломатија не беше во можност да воспостави основна долгорочна меѓународна соработка, која би била фактор во процесите и обидите за надминување на светската економска криза. Со еден збор, во тој период надворешната политика и дипломатијата за прв пат се конфронтираа во однос на една многу сериозна економска задача поврзана со потребата од воспоставување на адекватен механизам во рамки на меѓународната економска соработка. Постоечкиот механизам во рамки на меѓународната економска соработка беше срушен после Првата светска војна, а во тој момент едноставно не постоеше ниту политичка волја ниту пак одредена согласност за утврдување и уредување на економските односи. Со други зборови можеби е подобро да се каже дека во тој момент не постоеше професионална способност за препознавање на улогата на економските фактори во рамки на меѓународните економски односи.

Во однос на неефикасните активности кои ги спроведуваа државите во сферата на меѓународните односи говори и авторот Де Ла Кариер (De La Carriere), посебно потенцирајќи го периодот од 1931 до 1933 година и обидите да се воспостави меѓународна соработка преку свикување на Светска економска конференција, на која беше предвидено и учеството на Соединетите Американски Држави. На дневен ред на споменатата конференција беа поставени најважните прашања како слободната трговија, царините, монетарната политика, како и стабилизацијата на девизните курсеви и проблемите поврзани со меѓународните долгови. Светската економска конференција конечно се одржа во Лондон, во месеците јуни и јули 1933 година. На конференцијата учествувале 65 земји, на највисоко политичко ниво. За време на конференцијата, како гром од ведро небо одекна излагањето на Претседателот на Соединетите Американски Држави Франклин Рузвелт, кој го потенцираше својот безрезервен став дека негова главна и непосредна задача е зајакнување на американската економија и нејзино зачувување, а дури потоа може да се занимава со прашања поврзани со глобалната економија. Со други зборови, поради познатите проблеми во тој момент, внатрешните работи на земјата имаа предност пред меѓународните прашања. Во неговото излагање беше нагласено дека меѓународната соработка во тој момент не е неопходна во функција на решавање на внатрешните тешкотии. Сето ова придонесе за целосно пропаѓање во вода на тринеделната макотрпна работа, конференцијата не успеа, а делегатите за ништо не се договорија. Овој настан во првата половина на XX век, споменатиот автор го смета за момент на колапс на економската дипломатија во тој период. Важно е да се нагласи дека со ова не е запрен процесот на нејзиниот развој, но последиците од уништувањето на економско - дипломатскиот концепт во рамки на меѓународна соработка, имаше големо влијание и после неполна деценија едноставно го запали светот.[12]

Свој посебен придонес во насока на развивање на економската дипломатија дава и авторот Хенри Хаузер (Henri Hauser), професор на Сорбона. Тој во 1937 година за прв пат прави сеопфатен аналитички осврт на оваа тема и ја наведува растечката конкуренција како фактор кој го одредува економскиот статус на земјата и улогата на дипломатите во мониторингот на овој специфичен феномен. Тој констатира дека кај постоечкиот дипломатски персонал и старите шефови на раководни позиции, сеуште постои одбивност кон економските прашања. Од тие причини авторот Хенри Хаузер укажува на неопходноста од основање и развивање стручни училишта, каде идните дипломати ќе се едуцираат и подготвуваат, школи во кои ќе се потенцираат економските прашања како еден од главните приоритети во рамки на дипломатските активности. Тој потенцира дека државата и нејзините дипломатски претставници мора да се справат со специфичните прашања кои се наоѓаат пред државата, а кои првенствено се од економска природа.[13]

Треба да се напомене дека француската дипломатија уште пред авторот Хенри Хаузер, го воочи значењето на економијата за дипломатијата. Во Франција на 19-ти декември 1934 година, во Уредбата поврзана со конкурсите при избор на аташеа во амбасадите и помошници конзули, се инситира на комерцијалните вештини и политиката, на географијата и економските студии на големите светски региони, како и на познавање на цените, начинот на преработка и патиштата по кои циркулираат суровините.[14]

---

[12] Raičevič M. Miroslav. (2006). „Ekonomska diplomatija,, Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd, 2006, 28 - 29
[13] Hauser H. (1937). Economic et Diplomatie, Libraire du Recueil Sirey, Paris, 1-35
[14]Sorel A. (1883). Les essais historiques et critiques, Paris, 280-295

Заклучните согледувања во однос на краткиот осврт на економската дипломатија помеѓу двете светски војни, се во насока на приклучување на ставовите на француската школа за економска дипломатија, која потенцира дека во овој период не постоеше подготвеност и способност кај државите да го оценат политичкото значење на новиот суштински проблем во рамки на меѓународните односи. Тука првенствено се мисли на проблемите поврзани со објективното разгледување на економските фактори и нивното влијание врз севкупните односи помеѓу државата и нацијата, како и на нивниот поединечен напредок и синергетскиот ефект во рамки на меѓународната економска соработка.[15]

## 3. ЕКОНОМСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ПОСЛЕ ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

После 1945 година принципите на делување на економската дипломатија, новите правила на игра и новосоздадената организациона структура во неа, беа резултат на научените лекции и акумулираните искуства од периодот на почетокот на Втората светска војна. Ова придонесе за дијаметрално различен однос на државите кон економските прашања и меѓународните односи.

Во втората половина на минатиот XX век дојде до реставрација на идеите во однос на улогата и значењето на економската дипломатија, нејзината важност за националната економија, како од макроекономска, така и од микроекономска гледна точка. Оваа промена е резултат на повеќе искуства.

Најпрво, беше подигната свеста во однос на зголемената меѓузависност на националните економии во рамки на глобалната економија, посебно во земјите на кои им беше неопходно да се насочат кон засилена економска соработка. Во овој период беа основани Европската економска заедница (European Economic Community) и Организацијата за економска соработка и развој (Organisation for Economic Co-operation and Development).

Второто искуство е поврзано со свеста за погубните резултати од примената на протекционистичките бариери, посебно од квантитативните ограничувања во рамки на меѓународната трговија. Имено, протекционизмот придонесе за продлабочување на депресијата во текот на триесетите години од минатиот XX век и создаде противречности, како и деструктивен ривалитет помеѓу земјите. Со други зборови, овој вид на ограничувања не станаа движечка сила на економскиот раст. Примената на прогресивниот пристап придонесе за напредок и експлозивен развој во рамки на мултилатералната економска соработка.

Третото искуство е во насока на процесите насочени на зголемување на свеста во однос на огромното значење на функционирањето на монетарниот систем. Поради тоа, основани се Светската банка (World Bank) и Меѓународниот монетарен фонд (International Monetary Fund).

Четвртото искуство беше поврзано со свеста за грешките кои беа направени кон Германија и другите земји кои беа поразени во Првата светска војна. Всушност, се дојде до заеднички заклучок дека постои неопходна потреба да се учествува и помогне во прогресот и развојот на руинираните економии. Оваа замисла беше реализирана преку Маршаловиот план.

Последното искуство е можеби и најзначајното, гледано од аспект на реставрација на економската дипломатија. Победниците после војната не сакаа економски да ги уништат нациите кои беа победени во Втората светска војна, туку напротив учествуваа и помагаа во развојот на нивните руинирани економии.

Општо гледано, периодот помеѓу двете светски војни претставува ера во која се воспостави слободно движење на стоките и капиталот во рамки на светската економија. Упорноста и инсистирањето за остварување на оваа идеја од страна на земјите, беше основната причина за нејзино конечно спроведување.[16]

Европската економска заедница (European Economic Community) е најдобра потврда за оваа ориентација. На тој начин во најголем дел се потврдија практичните достигнувања на идеите на авторот Џон М. Кејнс и покрај тоа што неговиот концепт беше вулгаризиран од страна на неговите ученици и следбеници.

Мора да се напомене дека постепениот развој на светската економија отвори нови можности во рамки на меѓународна економска соработка. Сепак, за напоменување е и фактот дека овие процеси беа исполнети со многу пречки во рамки на меѓународната трговија.

Осумдесетите години од минатиот XX век се карактеризираа со тенденција за натамошна дерегулација на меѓународната трговија, што пак придонесе за засилен развој на светската трговија. Во тој период дојде до сериозно разгледување на сите ограничувања во рамки на меѓународната трговија, при што во предвид беа земени како протекционистичката, така и нео протекционистичката заштита. И покрај ваквиот развој на настаните, едноставно не беше можно да се заобиколат високософистицираните нецарински бариери, кои сеуште останаа проблем на современата економска дипломатија и меѓународната координација на трговската политика. Овој период постави нови задачи пред економската дипломатија. Првиот проблем

[15] Raičevič M. Miroslav. (2006). „Ekonomska diplomatija,, Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd, 31
[16] Raičevič M. Miroslav. (2006). „Ekonomska diplomatija,, Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd, 33

беше развојот на развиените земји, земјите во развој, како и на неразвиените земји. Вториот проблем беше меѓународната размена на стоки и услуги, додека пак третиот проблем беше задолжувањето на земјите во развој и нивните проблеми со катастрофалниот економски раст. Генерално, може да се заклучи дека во текот на втората половина на минатиот XX век, надворешните политики на земјите претрпеа значајни промени.[17]

Во суштина беше потребно да поминат повеќе децении за државните раководства конечно да ја утврдат економската дипломатија како приоритет на надворешните политики на нивните земји. Пример за ова е Франција каде економската дипломатија стана апсолутен приоритет во рамки на надворешната политика на земјата, за време на познатата нафтена криза во осумдесетите години од минатиот XX век. На една од редовните годишни консултации со француските амбасадори во странство одржана во 1988 година, тогашниот претседател на Франција Франсоа Митеран им наложи на амбасадорите во иднина да посветат најголемо можно внимание на економската дипломатија. Во тој момент, овој малку подзаборавен термин повторно излезе на виделина и доби на значење. Овој пример, во наредниот период, повеќе или помалку успешно го следеа и дипломатиите на останатите сојузнички земји - членки на Европската унија(European Union). Со ова конечно е означен крајот на старата класична дипломатија на приеми и стерилни контакти, размена на ноти и лицемерни комплименти преку неприродниот салонски дипломатски бонтон.[18]

Ова е период во кој надворешно - економската политика како сегмент на економската политика, едноставно стана покомплексна. Државите имаа за цел да ги подобрат своите економски можности и просперитет, но на нивниот пат стоеше проблемот со достигнатиот степен на економски развој, научно - техничкиот напредок, како и конкурентноста на нивните економии во рамки на светските пазари. Основа на овие очекувања и напори, се разбира, беше компанијата.

Тоа придонесе денешните напори на државата и нивните економии да се разликуваат од некогашните, затоа што меѓународното бизнис опкружување е драстично поразлично во споредба со периодот од пред педесет години. Системот на соработка во рамки на светскиот пазар придонесе за афирмирање на компаниите како учесници во меѓународните економски односи, како и воопшто за значајноста на поединците во процесот на олеснување на постоечките меѓународни бизнис операции.

Средствата и инструментите со кои надворешно - економската политика го конституира системот и механизмите за соработка на една земја со светот, веќе не е ист како што беше порано. Денес тој е разнообразен, висококософистициран, оптоварен со нео протекционистички мерки и инструменти, оптоварен со нецарински бариери, правила за конкуренција, девизни курсеви, хармонизација на даночните системи, намалување на разликите помеѓу економиите на различни земји, како и зголемување на можностите за доаѓање до израз на конкурентноста на различни произведувачи од различни земји во светот. Сето ова заедно придонесува за слабеење на влијанието на државите и нивните претставници во рамки на светските економски движења.

На овој начин компаниите, невладините здруженија и организации, меѓународните институции и поединците, во голема мера останаа главни актери во утврдувањето и формулирањето на надворешно - економската политика на секоја една држава. Актерите во утврдувањето и формулирањето на овие политики, најчесто претставуваат и актери на нејзината реализација. На овој начин модерната современа држава во рамки на меѓународните односи, повеќе не може да го заобиколува проблемот на големината, потенцијалот, карактеристиките и отвореноста на сопствените пазари, како и различните сегменти на светскиот пазар. Сите овие сегменти заедно, претставуваат интерес како за националните економии, така и за компаниите. Оттука, произлезе и силата на развојот на современата економска дипломатија и нејзиното организационо дизајнирање, карактеристично по разграничувањето на макроекономскиот и микроекономскиот сегмент.[19]

## 4. ЗАКЛУЧОК

Навистина е тешко прецизно да се одреди суштината и најопштите карактеристики на економската дипломатија, поради фактот што втората половина на XX век претставува период на нејзино турбулентно развивање, како и промени во економско - дипломатското дејствување, во смисла на начинот и дизајнирањето на економско - дипломатските механизми. Посебна тешкотија претставува анализата на односите помеѓу владите (на некоја земја) и странските компании.

Почетокот на XX век кој во голема мера се одликуваше со конфликти и разурнувањата од енормни размери, придонесе за еволуција на до тогаш применуваната трговска дипломатија во економска дипломатија, која

[17] Raičevič M. Miroslav. (2006). „Ekonomska diplomatija„ Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd, 34
[18] Prvulovič V. (2006). „Ekonomska diplomatija - treće izdanje„ Megatrend univerzitet primenjenih nauka, Beograd, 12
[19] Raičevič M. Miroslav. (2006). „Ekonomska diplomatija„ Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd, 34

пак доживеа глобален колапс во периодот помеѓу двете светски војни (како концепт на меѓународната соработка и практичните активности). Благодарение токму на овие негативни искуства и појави, економската дипломатија со својот карактеристичен турбулентен развој во текот на втората половина на минатиот XX век, ја докажа својата значајна улога и местото во рамки на современиот свет.

Процесот на економизација на дипломатијата ја предизвика и создаде фразата економска дипломатија, која во минатиот век ја лансираше француската школа. Според основните перформанси истата ја прифаќа и некогашната советска, а сега руска школа за економска дипломатија.

Економизацијата на дипломатијата се одвиваше напоредно со потребите на компаниите и државата за што поинтензивно учество во светскиот (економски) развој. Со промените на светската економија се менуваа и формите на делување во рамки на класичната економска дипломатија, но сепак нејзините општи цели останаа исти. Спротивно на тоа карактеристични се промените во однос на истражувањата и механизмите за реализација на овие цели.

Доколку внимателно се анализира односот помеѓу дипломатијата и економијата, како што поминува времето, може да се заклучи дека на почетокот на XX век и дипломатијата и економијата дојдоа на иста позиција, иако и двете претрпеа значајни промени. Економската дипломатија се оформи и почна да доживува засилени промени, а областите на нејзина примена стануваа многубројни.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Chatterjee, C. (2020). Economic Diplomacy and Foreign Policy-making, Springer International Publishing.
Gromiko, A.A. (1982). Внешная експанзия капитала, МО, Москва.
Ги Каррон де ла Каррьер. (2003). Экономическая дипломатия, дипломатия и рынок, MGIMO, Moskva.
Hauser, H. (1937). Economic et Diplomatie, Libraire du Recueil Sirey, Paris.
Hinton, D.R. (2015). Economics and Diplomacy: A Life in the Foreign Service of the United States, New Academia Publishing/VELLUM Books.
Lanren, P. (1976). Diplomats and Durezncrats, Stanford, Calif.
Lauge, N., & Skovgaard, P. (2015). Bounded Rationality and Economic Diplomacy - The Politics of Investment Treaties in Developing Countries, Cambridge University Press, London.
Motohashi, K. (2015). Changes in the global economic environment, Springer.
Prvulovič, V. (2006). ,,Ekonomska diplomatija - treče izdanje,, Megatrend univerzitet primenjenih nauka, Beograd.
Raičevič, M. M. (2006). ,,Ekonomska diplomatija,, Institut za ekonomsku diplomatiju, Beograd.
Sorel, A. (1883). Les essais historiques et critiques, Paris.
Woolcock, S. (2016). European Union Economic Diplomacy: The Role of the EU in External Economic Relations, Routledge.